**ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

ПРЕДЛАГАЧ: Стручната служба на Фондот

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

ИЗВЕСТИТЕЛ: Ajredin Amzai, директор на Сектор

# ОДЛУКА

**за усвојување на Завршната сметка на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2020 година**

**Скопје, февруари 2021 година**

Врз основа на член 157 точка 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19, 31/20 и 267/20) и член 24 од Законот за сметководтсво на Буџетот и буџетските корисници („Службен весник на РМ“ бр.61/02, 98/02, 81/05 и 24/11), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, на седницата одржана на 25 февруари 2021 година, донесе

# О Д Л У К А

## за усвојување на Завршната сметка на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2020 година

Член 1

Се усвојува Завршната сметка на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2020 година (во натамошниот текст: Фонд), со следните приходи и расходи:

во денари

| | Планирани | Остварени Вкупни |
|---|---|---|
| Приходи | **77.822.670.000,00** | **77.682.637.586,00** |
| Пренесени средства од 2019 год. | | **4.454.788.411,00** |
| Вкупни расходи | **77.822.670.000,00** | **77.213.215.110,00** |
| Вишок на приходи | | **4.924.210.887,00** |

Член 2

Планираните и остварените приходи по извори и видови на приходи и извршените расходи по основни намени се утврдени, и тоа:

| Шифра | ВИД НА ПРИХОДИ ОДНОСНО РАСХОДИ | Втор РЕБАЛАНС НА БУЏЕТ 2020 ГОДИНА со пренамени | ОСТВАРЕНО ВО 2020 ГОДИНА |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | **БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ** | **77,822,670,000.00** | **77,682,637,586.00** |
| | **ИЗВОРНИ ПРИХОДИ** | **46,720,670,000.00** | **47,676,744,482.00** |
| **712** | **Придонеси од плати за социјални фондови** | **45,384,670,000.00** | **46,341,881,448.00** |
| 712111 | Придонес од добивка за ПИО за стаж на осигурување што се смета со зголемено траење | 520,000,000.00 | 539,700,180.00 |
| 712113 | Придонес од плати за ПИО за работници кај правни лица | 38,331,650,000.00 | 40,045,816,928.00 |
| 712114 | Придонес од плати на вработени кај физички лица кои вршат самостојна дејност | 0.00 | 0.00 |
| 712116 | Придонес за ПИО на физички лица кои вршат самостојна дејност | 914,000,000.00 | 992,600,901.00 |
| 712117 | Придонес за продолжено пензиско и инвалидско осигурување | 29,000,000.00 | 23,317,539.00 |
| 712121 | Придонес за ПИО за вработени кај странски и меѓународни органи и организации и дипломатски и конзуларни претставништа | 150,000,000.00 | 169,420,142.00 |
| 712122 | Придонес за ПИО за изминати години | 3,000,000,000.00 | 2,399,317,741.00 |
| 712124 | Придонес за ПИО за индивидуални земјоделци | 129,000,000.00 | 139,390,395.00 |
| 712125 | Придонес за ПИО што го плаќа ФПИОМ за корисниците на надоместоците по основ на инвалидност | 20,000.00 | 50,030.00 |
| 712411 | Придонес за ПИО што го плаќа Агенцијата за вработување на РМ на невработени лица | 5,000,000.00 | 4,547,706.00 |
| 712412 | Придонес за ПИО за боледување над 21 ден од Фондот за здравствено осигурување | 700,000,000.00 | 732,993,411.00 |
| 712416 | Придонес за ПИО за мерки од влада | 0.00 | 77,712,916.00 |
| 712414 | Придонес за ПИО за мерки од влада | 0.00 | 25,819,331.00 |
| 712415 | Придонес за пензиско и инвалидско осигурување субвенциониран од Државата | 1,606,000,000.00 | 1,191,194,228.00 |
| **714** | **ДОМАШНИ ДАНОЦИ НА СТОКИ И УСЛУГИ** | **1,336,000,000.00** | **1,334,863,034.00** |
| 714212 | Акциза на моторен бензин | 1,336,000,000.00 | 1,334,863,034.00 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **180,000,000.00** | **142,844,623.00** |
| **721** | **Претприемачки приходи и приходи од имот** | **0.00** | **0.00** |
| 721311 | Камати од депозити во комерцијални банки | | 0.00 |
| **723** | **Такси и надоместоци** | **26,000,000.00** | **18,395,257.00** |
| 723911 | Закупнини од објекти | 26,000,000.00 | 18,395,257.00 |
| **725** | **Други неданочни приходи** | **154,000,000.00** | **124,449,366.00** |
| 7259 | Останати неданочни приходи | 154,000,000.00 | 124,449,366.00 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **11,000,000.00** | **10,694,750.00** |
| **734** | **Приходи од дивиденди** | **11,000,000.00** | **10,694,750.00** |
| 734111 | Дивиденда по основ на акции стекнати од трансформацијата | 11,000,000.00 | 10,694,750.00 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **30,911,000,000.00** | **29,852,353,731.00** |
| **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **30,911,000,000.00** | **29,852,353,731.00** |
| 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 515,000,000.00 | 513,353,731.00 |
| 741112 | Трансфери од Буџетот на РМ | 30,396,000,000.00 | 29,339,000,000.00 |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 77 | **ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **0.00** | **0.00** |
| 771 | **Продажба на хартии од вредност** | **0.00** | **0.00** |
| 771212 | Приходи од продажба на удели, акции и други хартии од вредност | 0.00 | 0.00 |
| | | | |
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **77,822,670,000.00** | **77,213,215,110.00** |
| | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **77,822,670,000.00** | **77,213,215,110.00** |
| 40 | **Плати, наемнини и надоместоци за вработени** | **262,200,000.00** | **257,517,167.00** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | 188,000,000.00 | 185,181,498.00 |
| 402 | Придонес за социјално осигурување од работодавците | 73,000,000.00 | 71,803,677.00 |
| 404 | Надоместоци | 1,200,000.00 | 531,992.00 |
| 42 | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **165,672,000.00** | **127,774,116.00** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 880,000.00 | 237,816.00 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 53,692,000.00 | 46,610,681.00 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 13,250,000.00 | 9,100,095.00 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 34,700,000.00 | 34,701,429.00 |
| 425 | Договорни услуги | 35,100,000.00 | 34,847,710.00 |
| 426 | Други тековни расходи | 28,050,000.00 | 2,276,385.00 |
| 46 | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **6,528,000.00** | **3,608,997.00** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 2,000,000.00 | 193,817.00 |
| 464 | Разни трансфери | 2,052,000.00 | 1,444,318.00 |
| 465 | Исплата по извршни исправи | 2,476,000.00 | 1,970,862.00 |
| 47 | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **77,355,000,000.00** | **76,795,935,290.00** |
| 472 | **Плаќања на бенефиции од Фондот за ПИОМ** | **77,355,000,000.00** | **76,795,935,290.00** |
| 472110 | Плаќања до пензионери од Фондот за ПИОМ | 59,852,000,000.00 | 59,833,014,517.00 |
| 472210 | Плаќања до инвалидите од Фондот за ПИОМ | 4,000,000.00 | 3,437,781.00 |
| 472310 | Плаќање по основ на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување | 9,167,000,000.00 | 8,611,799,414.00 |
| 472410 | Придонес за здравствено осигурување на корисниците на пензија | 7,882,000,000.00 | 7,881,712,078.00 |
| 472910 | Исплати за солидарен фонд за починати корисници на пензија | 450,000,000.00 | 465,971,500.00 |
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **33,270,000.00** | **28,379,540.00** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 18,900,000.00 | 15,862,979.00 |
| 481 | Градежни објекти | 13,470,000.00 | 12,516,561.00 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 0.00 | 0.00 |
| 486 | Купување на моторни возила | 900,000.00 | 0.00 |

Член 3

Извештајот за финансиското работење на Фондот за 2020 година со остварените приходи и извршените расходи е составен дел на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 02-1103/1
25.02.2021 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА УПРАВЕН ОДБОР,
Боро Варошлија

ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ * FONDI I SIGURIMIT PENSIONAL DHE INVALIDOR I MAQEDONISË SË VERIUT * SHKUP
1

# ИЗВЕШТАЈ

за финансиското работење на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2020 година

Со Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2020 година, првиот Ребаланс на Буџетот за 2020 година, донесен на 15 мај 2020 година како составен дел на Буџетот на Република Северна Македонија, како и вториот Ребаланс на Буџетот на Фондот за 2020 година донесен на 26.10.2020 година, планирано беше финансиското работење на Фондот да се оствари со избалансирани приходи и расходи. Основ за баланс меѓу приходите и расходите беа макроекономските индикатори за зголемување на приходите од придонесите за 6,5% (4,4% од предвидениот пораст на платите и 2,1% пораст на вработеноста), 18,8% стапка на придонес од плата за пензиско и инвалидско осигурување и обезбедување средства од Буџетот на Републиката за редовните обврски, за транзиционите трошоци и покривање на дефицитот на Фондот. Платите и вработеноста, порастот на истите, како и стапката на придонес од плата за ПИО се најзначаен фактор по кој се пресметува и плаќа придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и значајно влијаат на износот на остварените приходи на Фондот.

Со Буџетот на Фондот за 2020 година, беше предвидено да се остварат вкупни приходи и вкупни расходи во износ од 77.343,00 милиони денари. Стручната служба на Фондот редовно ја следеше финансиската состојба и констатира дека во првото тримесечје од 2020 година и месец април, планираните приходи се извршуваа во намален обем, а расходите за исплата на пензиите се извршуваа околу планираните средства со Буџетот на Фондот за 2020 година. Од овие податоци се пристапи кон изготвување на првиот Ребаланс на Буџетот, со кој се зголеми трансферот од Републиката заради намалени придонеси, за редовно да се извршуваат обврските за пензии и другите расходи.

Во периодот јануари– септември 2020 година, во реализацијата на приходите и расходите имаше поголемо остварување на планираните приходи и расходи и Фондот имаше вишок на средства. Овој вишок на средства над планираните, се појави како резултат на зголемена наплата на придонеси поради мерките на Владата за помош на стопанството поради пандемијата и поради поголемото зголемување на платите во текот на годината, па се пристапи кон втор Ребаланс на буџетот за 2020 година, со што со проекциите до крај на годината се зголемија срествата од придонеси, а се намали трансферот од Буџетот и се зголемија средствата за приватните пензиски фондови, а се намалија за исплата на пензии.

Со изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Фондот за 2020 година, вкупните приходи и вкупните расходи се зголемија за 479,67 милиони денари и истите се оценија на 77.822,67 милиони денари. Изменувањето на Буџетот со вториот Ребаланс за 2020 година во делот на неданочните приходи е со зголемување за 48,00 милиони денари, за 920,67 милиони се зголемени и приходите од придонеси, а се намали трансферот од буџетот за 479,00 милиони денари и се намалија за 10,00 милиони денари приходите од продажбата на акции и удели, додека во делот на расходите намалени се за 2,8 милиони во делот на плати и надоместоци, зголемени се средствата за стоки и услуги за 3,87 милиони денари, намалени се средствата за субвенции и трансфери за 36,67 милони денари, намалени се средствата за пензии и инвалиднини за 401,00 милиони денари, а зголемени се за 913 милиони денари за задолжително финансирано пензиско осигурување и зголемини се средствата за капитални расходи за 3,27 милиони денари.

Фондот покрај трансферните средства од Буџетот на Републиката утврдени со Буџетот на Фондот за 2020 година, не користеше други средства како позајмица за исплата на пензии, бидејќи редовно обезбедуваше средства од сопствени извори.

Во 2020 година, вкупните приходи на Фондот без пренесените парични средства од 2019 година (во износ од 4.454,79 милиони денари), изнесуваат 77.682,64 милиони денари и истите се под нивото на планираните приходи (99,82%) со Ребалансите на Буџетот на Фондот за 2020 година, а во споредба со 2019 година кога изнесуваа 75.915,53 милиони денари, повисоки се за 2,33%. Вкупните расходи на Фондот во 2020 година изнесуваат 77.213,22 милиони денари и истите се на ниво на планираните (99,22%), а во споредба со 2019 година се повисоки, кога изнесуваа 73.122,44 милион денари, за 5,59%, или за 4.090,78 милиони денари.

Вкупно остварените приходи на Фондот во 2020 година (77.682,64 милиони денари) заедно со пренесените парични средства од 2019 година (4.454,79 милиони денари) изнесуваат 82.137,43 милиони денари, а вкупните расходи изнесуваат 77.213,22 милиони денари. Салдото на паричните средства на 31 декември 2020 година изнесува 4.924,21 милион денари.

## 1.Вкупни приходи

**Вкупните приходи** на Фондот во износ од 77.682,64 милиони денари се остварени, и тоа: од изворни приходи, средства во износ од 46.341,86 милиони денари или 59,66% од вкупните приходи, средства од Буџетот на Републиката 29.852,42 милиони денари, или

38,43%, од акцизи 1.334,88 милион денари или 1,72%, 10,69 милиони денари од приходи од дивиденда или 0,01% и од други приходи 142,81 милиони денари, или 0,18%.

**1) Изворните приходи на Фондот односно средствата од придонесите ги сочинуваат, и тоа:**

- **Придонесот од плата,** кој во 2020 година се пресметуваше по стапка од 18,8% на бруто исплатената плата, е основен и најголем извор за финансирање на Фондот. Вкупните приходи од придонесот од плата, се остварени во износ од 44.649.29 милиони денари и истиот во однос на планираните со Ребалансот на Буџетот на Фондот, бележи зголемување од 1,97%, или 861,62 милиони денари.

Учеството на придонесот од плата во вкупните приходи изнесува 57,48%. Во 2020 година се наплатени вкупно и 89,87 милиони денари заостанати придонеси и камати по основ на задоцнети плаќања на придонесите за ПИО до 2008 година, а заради зголемената активност на Одделението за наплата на придонеси.

- **Придонесот од доходот** се пресметува од платите за вработените кај кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење поради тежината на работата која ја извршуваат и условите под кои работат, според утврдени законски стапки во зависност од бројот на месеците кои се сметаат во стаж на осигурување со зголемено трање. Овие приходи во 2020 година изнесуваат 539,70 милиони денари и истите во вкупните приходи учествуваат со 0,69%. Остварените приходи во споредба со планираните средства со Буџетот на Фондот за 2020 година се зголемени за 3,79%, или во износ од 19,70 милиони денари.

- **Приходите од придонес од плата од физичките лица што вршат дејност и вработени кај нив** се остварени во износ од 1.008,96 милиони денари и истите се повисоки за 6,99% во споредба со планираните, а како резултат на повеќе обврзници кои го плаќаат придонесот од оваа категорија на обврзници, односно зголемен број на вработени во приватниот сектор. Овие приходи учествуваат во вкупните приходи на Фондот со 1,30%.

- **Приходите од придонесот кои го плаќаат индивидуалните земјоделци** се остварени во износ од 139,39 милиони денари. Кај овие приходи, во 2020 година се забележува зголемување од 8,05% во однос на планираните средства со Буџетот на Фондот, од причина што се зголемува бројот на регистрирани земјоделци. Учеството на овие приходи во вкупните приходи на Фондот изнесува 0,18%.

- **Приходите од Агенцијата за вработување** се дозначуваат по основ на придонесот за невработени лица кои примаат паричен надоместок, но кои имаат остварено стаж помалку од 15 години. Во 2020 година, по овој основ се дозначени средства во износ од 4,52 милиони денари и истите во споредба со планираните средства во Буџетот за 2020 година во

износ 5,00 милиони денари се пониски за 0,08 милиони денари, или се извршени со 90,40%. Овие средства се намалуваат секоја година поради намалувањето на бројот на лицата за кои се плаќа придонес, поради измена на законските прописи да се плаќа придонес само за лицата кои немаат навршено 15 години пензиски стаж. Исто така, согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Агенцијата за вработување, придонесот за пензиско и инвалидско осигурување го пресметува и плаќа по стапка од 18,0% на нето, наместо на бруто основица, истиот го пресметува на надоместокот (не на основицата од која е пресметан надоместокот). Учеството на овие приходи во вкупните приходи изнесува 0,01%.

**2. Приходите од акцизите** се даночни приходи кои се остваруваат како дел од приходите од акциза остварени од продажба на нафтени деривати. Во 2020 година остварени се во износ од 1.334,88 милион денари и истите во вкупните приходи учествуваат со 1,72%. Овие приходи се пресметуваат по стапка од 9,18% од акцизата на нафтените деривати. Истите се пониски за 0,09% во однос на планираните средства.

**3. Трансферните средства од Буџетот на Републиката** се остварени во износ од 29.852,40 милиони денари, и тоа за следните намени:

- 3.000,00 милиони денари за исплата на редовните обврски остварени под поповолни услови, воени и минимални земјоделски пензии и друго;

-17.286,02 милиони денари за покривање на тековниот дефицит на Фондот;

-9.053,03 милиони денари за транзициони трошоци;

-513,35 милиони денари од Министерството за одбрана, а се однесуваат за исплата на пензиите остварени според Законот за АРМ.

Остварените средства од Буџетот на Републиката се извршени во износ од 96,57% со планираните средства со Буџетот и Ребалансот на Буџетот на Фондот. Учеството на приходите од Буџетот на Републиката во вкупните приходи на Фондот изнесува 38,43%. Средствата од Буџетот на Републиката е втор по големина приход и преставува значајна ставка во финансирањето на пензиското и инвалидско осигурување.

Во 2020 година средствата од Буџетот на Републиката редовно се дозначуваа пред исплатата на пензиите според пресметките на Фондот и имаа значајно влијание врз ликвидноста на Фондот, што овозможуваат редовна исплата на пензиите во воспоставените рокови.

**4. Приходите од дивиденда и од продажба на акции и удели** во 2020 година се остварени во износ од 10,69 милиони денари, и тоа:

- **од дивиденда** се остварени средства во износ од 10,69 милиони денари и изнесуваат 97,18% од планираните средства со Буџетот за 2020 година,

- **од продажба на акции и удели** во 2020 година не се остварени средства како резултат на незаинтересираност за купување на акции од Фондот од поедини акционерски друштва.

**5. Од другите приходи** остварени се средства во износ од 142,81 милион денари и истите се намалени и изнесуваат 79,34% од планираните средства со Буџетот за 2020 година. Другите приходи се однесуваат, и тоа: 18,40 милиони денари од приходи од закупнина, 16,14 милиони денари од надомест и отштета, 8,04 милиони денари од вратени пензии од странство, 77,01 милион денари од приходи остварени од минат период, 0,71 милион денари од вратени девизи од пензии во странство, 0,27 милиони денари вратени средства од Солидарен фонд, 12,21 милион денари од камати по основ на ненавремени плаќања на придонес од ПИО, 9,07 милиони денари надомест од приватни фондови за вршење на дејноста на Фондот и 0,96 милион денари од останати приходи.

Остварените средства по видови на приходи се следните:

| Ред. Број | Вид на приход | Ребаланс на Буџет за 2020 год. | Остварено I-XII 2020 | Индекс 3:2 |
|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Придонес од плата | 43.787,67 | 44.649,29 | 101,97 |
| 2 | Придонес од доход | 520,00 | 539,70 | 103,79 |
| 3 | Приватен сектор | 943,00 | 1.008,96 | 106,99 |
| 4 | Индивидуални земјоделци | 129,00 | 139,39 | 108,05 |
| 5 | Приходи од Агенцијата за вработување | 5,00 | 4,52 | 90,4 |
| | **Вкупно придонеси** | **45.384,67** | **46.341,86** | **102,11** |
| 6 | Приходи од акцизи | 1.336 | 1.334,88 | 99,92 |
| 7 | Трансфер од Буџет на Републиката | 30.911,00 | 29.852,40 | 96,58 |
| 8 | Други приходи | 180,00 | 142,81 | 96,01 |
| 9 | Приходи од дивиденда | 11,00 | 10,69 | 97,18 |
| 10 | Приходи од продажба на хартии од вредност | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | **Вкупни приходи** | **77.822,67** | **77.682,64** | **99,82** |

Структурата на приходите е дадена во следниот графикон




Според дадената структура, најголемо е учеството на придонесот од плати од 57,48%, втор по големина е трансферот од Буџетот на Републиката со учество од 38,43,%, или по двата основа учеството изнесува 95,91%, додека од сите други приходи учеството изнесува 4,09%.

## II. Вкупни расходи

**Вкупните извршени расходи на Фондот** во 2020 година изнесуваат 77.213,22 милиони денари и истите во однос на Буџетот изнесуваат 99,22%.

Расходите во Буџетот на Фондот за 2020 година се однесуваат, и тоа, за: исплатата на пензиите, трансферот на средства за приватните пензиски фондови, надоместокот за телесно оштетување, надоместоците од инвалидското осигурување и интернатско сместување на деца инвалиди, придонесот за здравствено осигурување, трошоците за бањско - климатска рекреација на пензионерите и превоз, надоместокот на Стручната служба на Фондот, другите трошоци, капиталните расходи, реконструкцијата на деловните објекти на Фондот и набавка на моторно возило.

**1. Расходите за пензии** изнесуваат 60.212,72 милиони денари, или 77,37% во однос на вкупните расходи, а во однос на планираните средства со Буџетот, извршувањето изнесува 99,32%.

Расходите за пензии се однесуваат, и тоа: 59.894,27 милиони денари, или 99,47% за исплата на редовните пензии во и надвор од Републиката; 11,80 милион денари, или 0,02%

за исплата на минималните земјоделски пензии и 306,65 милиони денари, или 0,51% за исплата на воените пензии.

1.1. Расходите за редовните пензии од работничко осигурување во износ од 59.894,27 милиони денари се под рамките на планираните 99,79%. Зголемувањето на расходите за пензии во однос на 2020 година се должи на усогласувањето на пензиите од 722 денари од јануари во номинален износ и 0,60% од јули 2020 година. На зголемувањето на расходите за пензии, влијание имаат и промените кои настануваат во износите на пензијата со приливот и одливот на корисниците на пензија, како и приливот на нови корисници на пензија по стапка од 0,75% во споредба со 2019 година.

1.2. Расходите за исплата на пензиите за минималните земјоделски пензии изнесуваат 11,80 милиони денари и истите се поголеми за 7,45% во однос на планираните, поради усогласувањето од јануари од 722 денари и од јули 0,6%, поради што значително се зголеми минималната пензија иако има намалување на бројот на корисниците на пензија кој со состојба на 31.12.2020 година изнесува 90 и истиот во однос на 2019 година (151) е намален за 61 корисник, или е 40,40%.

1.3. Расходите за исплата на воените пензии изнесуваат 306,65 милиони денари и истите се поголеми од планираните средства за 9,52%. Бројот на корисници на воена пензија изнесува 1.080 корисници и истиот во однос на 2019 година (1.184) е намален за 104 корисници, или е 91,22%.

**Корисниците на пензија, со 31 декември 2020 и 2019 година изнесува:**

| Реден број | Вид на пензија | 31.12.2019 | 31.12.2020 | Индекс 2020/2019 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Старосна пензија | 212.941 | 218.815 | 102,76 |
| 2 | Инвалидска пензија | 34.217 | 32.169 | 94,01 |
| 3 | Семејна пензија | 75.546 | 74.141 | 98,14 |
| | **Вкупно** | **322.704** | **325.125** | **100,75** |
| 4 | Воени пензии | 1.184 | 1.080 | 91,22 |
| 5 | Земјоделски пензии | 151 | 90 | 59,60 |
| | **Вкупно** | **324.039** | **326.295** | **100,70** |

Вкупниот број на корисници на пензија од работничко осигурување во 2020 година во споредба со 2019 година, е зголемен за 0,75%, а заедно со минималните земјоделски и воени пензии, зголемувањето изнесува 0,70%, поради намалување на корисниците на минималните земјоделски и воени пензии. Намалениот пораст на пензионери оваа година се должи на зголеменета смртност на пензионерите, и тоа во 2019 година имаше починати 15.311 пензионери, а во 2020 година имаше 17.556 починати, што е за 2.245 повеќе починати и со тоа се намали порастот на корисниците од 1.8% на 0,7% како што беше проектираниот пораст на пензионери за 2020 година.

Структурата на корисници на пензија е дадена во следниот графикон:




Во рамките на вкупниот број на корисници на пензија, најголем е бројот на корисниците на старосна пензија, или 218.815 корисници, што претставува повеќе од половина од бројот на корисници на пензија (67,06%), корисниците на семејна пензија изнесуваат 74.141 корисник со учество од 22,72%, на инвалидска пензија, 32.169 корисници и со учество од 9,86%, на воените пензии, 1.080 корисници и учество од 0,33% и на минималните земјоделски пензии 90 корисници и учество од 0,03%.

Пораст на бројот на корисниците на пензија во 2020 година е остварен кај корисниците на старосна пензија, и тоа од 2,76%, додека кај корисниците на семејна пензија има намалување за 1,86%, кај корисниците на инвалидска пензија има намалување од 5,99%, додека кај воените и земјоделските пензионери има поголемо намалување. Во зголемувањето од 2,76% на корисниците на старосна пензија, влијание има зголемениот

број на поднесени и решени барања за остварување на право на старосна пензија, односно исполнувањето на условите за стекнување на правото за пензија.

**Просечните пензии** (од работничко право) по видови на пензии, во декември 2020 година изнесуваат, и тоа:

| Вид на пензија | 2020 година |
|---|---|
| Старосна пензија | 16.703 |
| Инвалидска пензија | 13.980 |
| Семејна пензија | 12.437 |
| **Просечна пензија од работничко право** | **15.461** |
| Земјоделска пензија | 8.051 |
| Воена пензија | 22.782 |
| **Просечна пензија од сите корисници на пензија** | **15.483** |

Просечниот износ на пензија (од работничко осигурување), во декември 2020 година изнесува 15.461 денар и е резултат на извршеното усогласување на пензиите од јануари 2020 година со 722 денари фиксно за сите и од јули со 0,6%, како и на висината на пензиите на новите корисници на пензија и на корисниците на кои им престанува правото.

Вкупната просечна пензија со воените и минималните земјоделски пензии во декември 2020 година изнесува 15.483 денари, и тоа: 16.703 денари од старосна пензија, 13.980 денари од инвалидска пензија и 12.437 денари од семејна пензија, 8.051 денар од земјоделска и 22.782 денари од воена пензија.

Учеството на вкупната просечна пензија исплатена за декември 2020 година во просечната плата (28.294 денари за декември 2020 година), изнесува 54,72%.

**2**. **Расходите за плаќање на придонесите на членовите во приватните пензиски фондови** изнесуваат 8.612,15 милиони денари. Овие расходи се извршени на ниво од 93,95% во однос на планираните средства со Ребалансот на Буџетот на Фондот и извршени пренамени на средства на поодделни сметки. Бројот на осигурениците- членови во приватните пензиски фондови, на крајот на 31.12.2020 година, изнесува 529.983 членови, или повеќе за 22.427 члена, или 4,42%, поради задолжителното зачленување во приватните пензиски фондови на сите новвработени кои ги исполнуваат условите да бидат членови во вториот столб.

**3. Расходите за паричен надоместок за телесно оштетување** изнесуваат 85,64 милиони денари и истите во вкупните расходи учествуваат со 0,11%. Паричен надоместок се исплаќа на 9.041 корисник (1.671 корисник со единствено право и 7.370 корисници со остварено право на пензија).

**4. Расходите за надоместоците за правата од инвалидското осигурување** изнесуваат 3,71 милион денари. Надоместоците од инвалидското осигурување во 2020 година во споредба со планираните средства со Буџетот на Фондот се извршени со 92,75%.

**5. За интернатско сместување на деца инвалиди** во 2020 година се потрошени средства во износ од 0,18 милиони денари и истите се пониски со планираните средства со Буџетот на Фондот.

**6. За придонесот за здравствено осигурување** на корисниците на пензија, во 2020 година се исплатени средства во износ од 7.881,72 милиони денари, или 10,20% во однос на вкупните расходи и е на ниво на планираните средства со Буџетот на Фондот за 2020 година. Согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, стапката на придонес изнесува 13,0% на исплатените пензии. Треба да се напомене дека 8,97 милиони денари останат неплатен придонес за здравствено осигурување од 2020 година и како обврска се пренесе и се плати во 2021 година.

**7. Платите на вработените во Стручната служба на Фондот и надоместоците** во 2020 година изнесуваат 257,51 милион денари, или 0,33% во однос на вкупните расходи. Извршените расходи за платите на вработените на Стручната служба се под нивото на планираните средства, а упразнетите места на пензионираните вработени од Фондот, не се пополнети.

**8.Трошоците за бањско -климатска рекреација и превоз** на корсниците – пензионери, за кои беа предвидени 38,00 милиони денари, не се извршени, од причина што со појавата на корона вирусот не се организираше бањско- климтска рекреација, а со ребалансот средствата се трансформираа за други намени.

**9. Другите расходи** во 2020 година се извршени во износ од 131,19 милиони денари, или 0,17% во однос на вкупните расходи. Овие трошоци во однос на планираните се извршени со 77,1%. Извршените трошоци се однесуваат, и тоа: 46,61 милион денари за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт; 9,10 милиони денари за канцелариски материјал, средства за хигиена и материјали за АОП, 34,70 милиони денари за поправки и сервисирање на софтверска и друга опрема, на возила, како и за тековно одржување на деловните објекти, 34,85 милиони денари за банкарска провизија, за плати за вработени по договор на дело, за персонален данок за договор на дело, за услуги за копирање и печатење

на материјали, плаќање на судски такси, за осигурување на недвижности и права и друго; 2,28 милиони денари за други тековни расходи (за репрезентација, за објавување на огласи, за членарини, за семинари и друго, 0,24 милиони денари за патни расходи и 3,42 милиони денари за исплати по извршни исправи и за трансфер при пензионирање, посмртнини и друго.

**10. Капиталните трошоци** се извршени во износ од 15,87 милиони денари, кои во споредба со планираните средства за оваа намена (во износ од 18,90 милиони денари) се извршени со 83,97%. Во 2020 година овие средства се потрошени за купување на софтверска, информатичка и канцелариска опрема.

**11. Трошоците за реконструкција на деловните објекти** се извршени во износ од 12,52 милиони денари. Со Буџет беа предвидени 13,47 милиони денари, и тоа за реконструкција на објектите во Струмица, Битола, Свети Николе, Валандово, Тетово и Централа – Скопје во износ од 6,28 милиони денари, како и во домовите за живеење на корисниците на пензија во Гевгелија, Кочани, Чаир и Куманово во износ од 6,24 милиони денари.

**12. Набавка на моторни возила не** е извршена за потребите на Стручната служба на Фондот, бидејќи Фондот не можеше да изврши набавки заради закажаните и одлагани парламентарни избори и укажувањата од Владата да не се трошат средства доколку не се од итност и заради заштеди во Буџетот, кое укажување беше прифатено.

Вкупните расходи на Фондот се дадени во следната табела:

| **Ред. Број** | **Вид на расход** | **Буџет за 2020 год.** | **Остварено I-XII 2019** | **Остварено I-XII 2020** | **Индекс 4:2** | **Индекс 4:3** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Вкупно пензии и телесно оштетување | 60.302,00 | 56.405,77 | 60.298,35 | 99,99 | 110,83 |
| 2 | Плаќ.по основ на задол.кап.осиг. | 9.167,00 | 8.861,58 | 8.612,15 | 93,95 | 97,19 |
| 3 | Надоместоци од инвалидско осигурување | 4,00 | 3,66 | 3,71 | 92,75 | 101,37 |
| 4 | Придонес за здравствено осигурување | 7.882,00 | 7.437,42 | 7.881,72 | 99,99 | 105,97 |
| 5 | Плати и надоместоци | 262,20 | 228,82 | 257,52 | 98,21 | 112,54 |
| 6 | Други расходи, бањи и превоз, капитални трошоци, реконструкција на деловни објекти и возила | 205,47 | 185,19 | 159,77 | 77,75 | 86,27 |
| | **Вкупни расходи** | **77.822,67** | **73.122,44** | **77.213,22** | **99,22** | **105,59** |

Структурата на вкупните расходи на Фондот е следната




Во структурата на вкупните расходи, најголемо е учеството на расходите за пензиите и телесното оштетување од 78,09%, за расходот за придонесот за здравствено осигурување е 10,21%, или учеството на бруто -пензиите во вкупните расходи изнесува 88,30%. Другите расходи учествуваат, и тоа: 11,15% од плаќањата по основ на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, 0,01% од паричните надоместоци од инвалидско осигурување, 0,33% од платите за вработените и надоместоците и 0,21% од другите расходи.

## III. Финансиски резултат

Во 2020 година, Фондот оствари вкупни приходи во износ од 77.682,64 милиони денари и вкупни расходи од 77.213,22 милиони денари, или вишок на приходи во износ од 469,42 милиони денари. Со пренесените парични средства од 2019 година од 4.454,79 милиони денари, салдото на паричните средства на 31.12.2020 година изнесува 4.924,21 милион денари.

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Севрена Македонија и Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Фондот во целост и навремено ги изврши сите активности согласно законот, односно редовна и навремена исплата на пензиите во првата недела од месецот, како и придонесите за здравство за корисниците на пензија и трошоците на Стручната служба.